# Протест од ликовните уметници на Македонија

Наедно со ликовните уметници од другите републики, на меѓународната изложба „Половина век на југословенското сликарство", што ќе биде прикажана во Белград, а која потоа ќе биде пренесена во Лондон и во другите европски главни градови, ќе учествуваат и познатите ликовни уметници од Македонија Никола Мартиноски и Лазар Личеноски.

Додека во другите републики жири-комисиите ги одбраа творбите за оваа изложба, Сојузот на ликовните уметници на Југославија ги покани директно Мартиноси и Личеноски со неколку свои творби да учествуваат на изложбата. Поради тоа Друштвото на ликовните уметници од Македонија вложи протест кај Советот за просвета, наука и култура при Владата на ФНРЈ, кој ја организира изложбата, како и кај Сојузот на ликовните уметници од Југославија, барајќи принцип на одбирање слики по пат на жири да се спроведе и во Македонија. Здружението на ликовните уметници од Македонија смета дека и другите уметници имаат творби што можат да бидат земени предвид за изложбата „Половина век на југословенското сликарство".